**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-306/16**
**Скопје, 27.04.2006 година**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РМ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии - Средства на солидарноста на Републиката за отстранување на последиците од елементарни непогоди за 2004 година, кои се прикажани на страните од 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии - Средства на солидарноста на Републиката за отстранување на последиците од елементарни непогоди за 2003 година, како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- М-р Никола Поповски, министер за финансии

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај, е извршена во периодот од 15.02. до 20.02.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Бранислав Гулев, овластен државен ревизор, помошник на ГДР, и
- Светлана Кумова, самостоен ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во

согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на средствата и изворите на Министерството за финансии - Средства на солидарноста на Републиката за отстранување на последиците од елементарни непогоди за 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење во Министерството за финансии - Средства на солидарноста на Републиката за отстранување на последиците од елементарни непогоди за 2004 година е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 26/04/2006**

**Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**

## СРЕДСТВА ЗА СОЛИДАРНОСТ НА РЕПУБЛИКАТА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.2.1. | 297,332 | 8,173 |
| Трансфери и донации | 3.2.2. | 19,796 | 11,622 |
| **Вкупно приходи** | | **317,128** | **19,795** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и други услуги | 3.1.1.1. | 10,807 | 0 |
| Тековни трансфери | 3.1.1.2. | 219,344 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **230,151** | **0** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.1.2.1. | 7,424 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7,424** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **237,575** | **0** |
| **Вишок на приходи** | 3.3. | **79,553** | **19,795** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **79,553** | **19,795** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | | 79,553 | 19,795 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | **79,553** | **19,795** |

Образложенијата дадени од страна 5 до 9 се составен дел на финансиските извештаи

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*



*Овластен државен ревизор*

## СРЕДСТВА ЗА СОЛИДАРНОСТ НА РЕПУБЛИКАТА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

### БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 79,553 | 19,795 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.2. | 82,056 | 82,056 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 37,856 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **199,465** | **101,851** |
| **Вкупна актива** | | **199,465** | **101,851** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.1. | 37,856 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 161,609 | 101,851 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **199,465** | **101,851** |
| **Вкупна пасива** | | **199,465** | **101,851** |

Образложенијата дадени од страна 5 до 9 се составен дел на финансиските извештаи